ПОДОБРУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА НА ПАТУВАЊАТА СО ПРЕДИКТИВНО ОДРЖУВАЊЕ ВО ТРАНСПОРТОТ

Во партнерство со OriginTrail и GS1 Швајцарија, Швајцарските Федерални Железници (SBB) презедоа важни чекори за да го направат патувањето со воз побезбедно и поодржливо. Управувањето со железниците бара ракување со огромни количини на податоци од повеќе оператори - честопати во реално време - создавајќи оперативна сложеност и ризик. За да се справи со овој предизвик, SBB воведе специјализирано EPCIS складиште напојувано од OriginTrail Decentralized Knowledge Graph (DKG).

Во употреба од 2021 година, ова EPCIS складиште - активно се користи од SBB и неговите партнери и покажа јасни подобрувања во безбедноста и одржливоста. Овозможува непречено следење на возовите низ цела ЕУ со пребарување на мрежа од железнички GS1 EPCIS складишта, поддржува напредна аналитика за предвидливо одржување на тркалата на возовите со користење на IoT податоци и го олеснува следењето на настаните за заварување и одржување низ мрежата на Швајцарските Федерални Железници со придонес од над 10 партнери за заварување. Дополнително, овозможува следење на настани за ковани јазици, дополнително подобрувајќи ја оперативната сигурност.

Она што го издвојува ова решение е начинот на кој OriginTrail DKG (симболична вештачка интелигенција) е комбиниран со Large Language Models (невронска вештачка интелигенција) за да генерира доверливи увиди и анализи, овозможувајќи донесување деловни одлуки преку природни, разговорни прашања. Ова е особено вредно за индустриите на кои им е потребна висока точност на податоците, транспарентност и доверба.

Со искористување на GS1 и други глобални стандарди за податоци, решението обезбедува беспрекорна комуникација низ различни системи. Иако оваа имплементација се фокусира на железниците, истиот пристап е прилагодлив за индустрии како што се производството, градежништвото, автомобилската и воздухопловната индустрија - демонстрирајќи ја својата разновидност и широко распространето влијание.



Децентрализираниот графикон на знаење ги поврзува сложените железнички податоци од повеќе оператори, овозможувајќи предвидливо одржување и намалувајќи го ризикот од критични дефекти.

Преземањето податоци од повеќе складишта и генерирањето проверливи резултати од вештачката интелигенција обезбедува брзо и сигурно донесување одлуки.

Невро-симболичната вештачка интелигенција се користи за подобрување на отпорноста, транспарентноста и одржливоста на индустриите за критична инфраструктура.

НАДГРАДЕН И УНАПРЕДЕН СО ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА РЕПОЗИТОРИУМ НА ЖЕЛЕЗНИЦАТА ЗА НАПРЕДНА (ОД СЛЕДНАТА ГЕНЕРАЦИЈА) БЕЗБЕДНОСТ ВО ТРАНСПОРТОТ ПОДДРЖАН ОД ORIGINTRAIL

ПРАШАЊАТА СЕ ТЕШКИ, ПОСТАВУВАЊЕТО ПРАШАЊА Е ЛЕСНО.

Лесно комуницирајте со вашиот складиште на податоци користејќи барања на природен јазик - од едноставни прашања до напредна анализа. Стартувајте агенти со вештачка интелигенција за автоматска анализа, како што се предвидливи барања, известувања и многу повеќе.

ПРЕПРАВКТЕ НА СИСТЕМОТ СЕ НАРУШУВАЧКИ И СКАПИ.

Поврзете се без напор со постоечките ERP, WMS и други ИТ системи со трансформација управувана од Ал-технологија во графикони на знаење - нема потреба од ревизии на системот.

СИЛНИТЕ МРЕЖИ СОЗДАВААТ СИЛНИ СИНЏИРИ НА ДОСТАВУВАЊЕ.

Беспрекорно проширувајте ги барањата низ повеќе мрежни складишта и споделувајте настани со деловни партнери на интероперабилен начин што ја зачувува приватноста.

ГЛОБАЛНИТЕ СТАНДАРДИ ЈА ПОДДРЖУВААТ СКАЛАБИЛНОСТА И ИНТЕРОПЕРАБИЛНОСТА.

GS1 EPCIS 2.0 е оригинален, поддржува железнички проширувања, докажан во имплементацијата во европските железници, предводен од Швајцарските железници. Беспрекорно интегрирајте се со други GS1 и W3C стандарди (DigitalLink, RDF, SPAROL, итн.).

ДОВЕРБАТА Е ОСНОВА НА СИГУРНИ ОДЛУКИ.

Користете графикони на знаење (симболична вештачка интелигенција) за нула халуцинации. Обезбедете проверливост на сите податоци со блокчејн, зголемувајќи ја довербата и усогласеноста.

СПОСОБНОСТА ЗА ПРОШИРУВАЊЕ ОВОЗМОЖУВА ИНОВАЦИИ И РАСТ.

Лесно проширете ја функционалноста со агентски додатоци и приклучоци, создавајќи подобри сознанија и нови понуди за клиенти.

Al-powered rail repository

Ask anything...

Видете ги решенијата во акција:
Погледнете го видеото на Youtube со клик тука.

Оригиналот на студијата на случај можете да го преземете и прочитате тука.

Превод и обработка:
м-р Срѓан З. Милутиновиќ, стручен соработник, GS1 Македонија